Назив на СЗ	**Стилист естетичар**
Код на СЗ	0810.40.03
Сектор	ЛИЧНИ УСЛУГИ
Ниво на сложеност на работни задачи	IV (четврто)
Опис на занимањето	Стилистот естетичар самостојно извршува работни активности во салонот и надвор од него поврзани со изгледот/стајлингот односно шминката, ноктите, формата и бојата на фризурата и бојата на облеката. Планира, креира, калкулира третмани по желба на клиентот, врши промотивни активности, продажба и наплата на третмани. Во рамките на овие работни задачи, организира простор и работа во салонот и надвор од него, подготвува место за изведба на третманот, создава услови за работа, прима и подготвува клиент за третман, шминка лице и тело, применува техники на корективно шминкање и техники на целна и специјална шминка на лице и тело, изведува трајна шминка на лице и тело, надградува нокти и украсува плочки на нокти, поврзува шминка и декорација на ноктите, со боја на облека, форма и боја на фризура, креира стајлинг на клиентот, следи модни трендови. Контролира квалитет во согласност со стандардите и нормативите во работењето. Евидентира и одржува апарати и алати за работа. Комуницира со клиенти, работи тимски, поседува претприемачки вештини, ја заштитува работната средина, поблиската и поширокаата околина и осигурува безбедни услови за работа.

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
1.	Планирање и организирање на работни активности	Планира и организира работни активности	1. Планира и организира работа во салонот и надвор од него 2. Подготвува план на дневни активности 3. Закажува термин за третман 4. Планира набавка на материјали 5. Подготвува работна документација 6. Организира простор во зависност од третманот 7. Самостојно толкува потреби и упатства за работните зафати по желба на клиентите; 8. Анализира зададена работна задача и извршена работа; 9. Координира свои активности со активностите на тимот 10. Следи достигнувања во делот на работното оспособување и се грижи за својот стручен развој.
2.	Подготовка за работа	Подготвува место за работна изведба и лична подготовка	1. Дезинфицира и стерилизира опрема, средства за работа и простор; 2. Проверува исправност на апарати и

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
			врши мали поправки 3. Применува кодекс на облекување 4. Одржува лична хигиена 5. Создава пријатна атмосфера 6. Прави преглед на закажани третмани и остварена комуникација преку е-пошта и социјални мрежи 7. Подготвува алат, прибор и средства за работа
		Прима клиент за третман	1. Применува деловна комуникација при приемот на клиентот 2. Понудува услуги 3. Идентификува барања и очекувања на клиентот 4. Советува клиент за избор на третман 5. Дава совети за стајлингот на клиентот (избор на шминка, декоративен маникир, ускладување на шминка и декорација на ноктите со боја на облека, форма и боја на фризура) 6. Советува за модни трендови 7. Упатува клиент во простор за третман 8. Почитува приватност на клиент во комуникација и простор 9. Заштитува лични податоци на клиентот
3.	Оперативни активности	Шминка лице и тело	1. Подготвува клиент за третман 2. Прави преглед на кожа 3. Определува состојба на кожа 4. Чисти, хидрира и тонизира кожа на лице 5. Идентификува облик на лице и неговите елементи 6. Согледува карактеристични црти на лицето на клиентот 7. Подготвува лице за шминкање 8. Прави корекција на веѓите со техники на депилација 9. Депилира надусници и брада 10. Подготвува алат, прибор и помошен материјал за шминкање 11. Прави избор на производи и помошни средства за шминкање 12. Избира препарати за шминкање според типот и тенот на кожата 13. Применува фази во шминкањето 14. Шминка лице, очи, нос, јагодици, уста 15. Шминка и бои веѓи 16. Фиксира вештачки трепки

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
			17. Применува техники на тенирање, тонирање, нијансирање, сенчење и боење 18. Шминка со примена на различни техники 19. Применува техники на корективно шминкање 20. Води сметка за интензитет и хармонија на боите 21. Зацврстува и фиксира шминка 22. Изведува целна и специјална шминка на лице и тело 23. Прави трајна шминка на лице и тело 24. Препознава алергиски реакции 25. Советува клиент за избор на шминка 26. Следи и применува модни трендови
		Изведува декорација и надградба на ноктите	1. Подготвува клиент за третман 2. Прави преглед на ноктите 3. Одредува состојба на нокти 4. Избира соодветен третман 5. Избира алат, прибор и препарати 6. Предлага техники на декорација на природен нокот 7. Применува техники на маникир(отстранува лак,обликува, обработува кутикули, полира) 8. Надградува нокти со гел и акрил техника 9. Прави поправка и отстранување на надграденият нокот со професионални средства и препарати 10. Применува техники на маникир на природен и надграден нокот (класични, со сликарски техники, со декоративни елементи и додатоци, француски маникир) 11. Следи и применува новитети 12. Советува за нега во домашни услови
		Ускладува шминка фризура, облека и нокти	1. Познава поврзаност на естетиката со шминката, фризурата, облеката, ноктите 2. Поврзува влијание на општествените случувања со модата(историска фризура и шминка) 3. Препознава стилови на фризури и шминка 4. Понудува идеја за современа фризура и шминка 5. Креира самостојно фризура и шминка според намена на цртеж или со

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
			компјутерска симулација 6. Предлага корекција на ликот со фризура и шминка 7. Дискутира за ускладување на лицето (форма и елементи) со фризура (маса,боја на коса и украси), со тенот и шминката 8. Користи тонска скала за корекција на елементите на лицето на клиентот 9. Советува за избор на боја на коса, според шминка, тен, боја на облека и нокти 10. Дава предлог за избор на боја на облека во однос на боја на коса, шминка и нокти 11. Советува за избор на очила и други модни додатоци 12. Дискутира за односот на фризурата врз целата фигура 13. Следни модни трендови
4.	Комерцијални активности	Изработува калкулации	1. Подготвува ценовник на услугите 2. Изработува калкулации на козметички услуги 3. Склучува договори за набавка на опрема и материјал за работа 4. Применува маркетинг и претприемништво во салонот и надвор од него
5.	Административни активности	Подготвува работна документација	1. Пополнува соодветната документација 2. Евидентира извршени третмани 3. Изготвува извештаи и листи 4. Води архива на документи 5. Закажува клиенти
6.	Активности за обезбедување на квалитет	Контролира квалитет во согласност со стандардите и нормативите во работењето	1. Контролира квалитет во согласност со стандарди и нормативи во работењето 2. Применува правила и мерки за лична безбедност и безбедност на клиентот 3. Реализира преземени обврски кон клиенти и деловни партнери 4. Почитува кодекс на однесување и етика во работењето 5. Применува принципи на тимска работа 6. Проценува и вреднува сопствени постигнувања и по потреба презема корективни мерки 7. Следи нови трендови во козметика во

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
			однос на техники, препарати и апарати 8. Користи рационално енергија, материјали и време
7.	Одржување и поправање опрема	Евидентира исправност на средствата за работа	1. Евидентира исправност на апарати, алатки за работа и препарати 2. Применува основни правила за чување на препарати, одржување на апарати и алатки за работа 3. Следи исправност и потреба од сервисирање на апаратите 4. Презема активности за обезбедување на исправност на апаратите
8.	Комуникација	Комуницира со клиенти, деловни партнери и соработници	1. Познава вербална и невербална комуникација 2. Користи различни средства за комуникација 3. Комуницира со клиентите и деловни соработници на мајчин јазик и барем еден странски јазик 4. Применува култура на говор и однесување 5. Одржува комуникација со клиентот во текот и по завршување на третманот 6. Користи информатичка технологија
9.	Здравје, безбедност и заштита на работата и животната средина	Заштитува работната средина и применува принципи на одржлив развој	1. Применува заштитни мерки и средства при работа во согласност со законски прописи 2. Правилно ги сортира и отстранува отпадоците согласно прописи за заштита на животна средина

Знаење за занимањето / Вештини за занимањето
Знаење за занимањето: • Поврзува планирање и набавка на потребни работни материјали; • Опишува планирање на сопствената работа во согласност со распоред на активностите; • Познава кодекс за облекување и другите санитарни норми; • Разликува основи на професионална и лична етика и однесување • Познава санитарно-технички норми за просториите, работните површини, алатот и приборот за работа; • Толкува правила за постапување со материјалот за работа; • Објаснува подготовка на работното место и клиентот за различни видови третмани; • Разликува алат, прибор,апарати, опрема за работа • Познава препарати за козметички третмани • Објаснува правила за постапување со материјалот за работа

- Познава градба и функција на кожа како дел од анатомија и физиологија на човечкото тело
- Толкува промени на кожата и нејзините творби од различна етиологија
- Класифицира типови на кожа
- Познава морфологија на лице и негови елементи
- Препознава симетрија и сооднос помеѓу елементите на лицето и неговиот облик
- Разликува техники(индивидуална, целна и специјална), препарати и помошни средства за шминкање
- Познава технологија на шминкање
- Познава техника на трајна шминка и цртање на телото со трајни бои.
- Препознава алергиски реакции од препаратите за шминкање.
- Познава професионални производи за зацврстување и фиксирање на шминката
- Разликува третмани на декорирање и надградување на нокти
- Познава техники на надградба на нокти (гелна и акрилна, наливни, со типсови, гелна техника на природен нокот)
- Објаснува техника на поправка и отстранување на надграденият нокот со професионални средства и препарати
- Познава техники на маникир на природен и надграден нокт (класични, со сликарски техники, со декоративни елементи и додатоци, француски маникир)
- Познава поврзаност на естетиката со шминката, фризурата, облеката, ноктите
- Дискутира за усклaдување на лицето(форма и елементи) со фризура(маса,боја на коса и украси,), со тенот и шминката
- Објаснува избор на техника, постапка ,препарати, апарати, според третман
- Презентира завршни работи после спроведен третман
- Почитува правила на етичко однесување и работење;
- Објаснува вербална и невербална комуникација;
- Толкува деловна етика;
- Разликува деловна документација;
- Презентира изготвување на пресметки за услуги;
- Познава законски прописи, средства и мерки за заштита и безбедност при работа;
- Толкува прописи за заштита на околината, заштита од пожар и давање на прва помош

Вештини за занимањето:

- Планира, подготвува и организира работа, самостојно и во тим
- Извршува работни задачи во согласност со етичките норми и методи за комуникација со клиентите
- Рационално користи материјали, опрема и време
- Комуницира со корисници на услуги на свој и странски јазик
- Подготвува работна документација со користење на информатичка технологија
- Подготвува работно место и клиент за третман
- Користи препарати и апарати за третман
- Определува визуелно состојба на кожата на лицето
- Определува состојба на ноктите
- Препознава здрава кожа и кожа со промени предизвикани од различни фактори
- Идентификува промени кои се индикација, односно контраиндикација за третман
- Применува основни знаења за шминка и третман на нокти
- Дава совети за стајлингот на клиентот (избор на шминка, декоративен маникир, усклaдување на шминка и декорација на ноктите со боја на облека, форма и боја на фризура)
- Шминка лице по фази

- Применува техники на корективно шминкање
- Води сметка за интензитет и хармонија на боите
- Изведува целна и специјална шминка на лице и тело
- Прави трајна шминка на веѓи, усни и очи
- Шминка тело со трајни бои
- Применува техники на маникир(отстранува лак,обликува, обработува кутикули, полира)
- Надградува нокти со гел и акрил техника
- Применува техники на маникир на природен и надграден нокт (класични, со сликарски техники, со декоративни елементи и додатоци, француски маникир)
- Применува новитети во декорација
- Предлага корекција на ликот со фризура и шминка
- Дискутира за ускладување на лицето(форма и елементи) со фризура(маса,боја на коса и украси,), со тенот и шминката
- Советува за избор на боја на коса, според шминка, тен, боја на облека и нокти
- Дава предлог за избор на боја на облека во однос на боја на коса, шминка и нокти
- Дискутира за односот на фризурата врз целата фигура
- Следи модни трендови
- Планира и изведува третмани на лице и тело
- Користи основни познавања од анатомија и физиологија на телото со цел објаснување на дејството и ефектите од третманот
- Избира препарати, апарати и постапки за подготовка и третирање на клиент за третман
- Избира козметички третман според утврдена состојба
- Советува за избор и примена на козметички препарати и за секојдневна нега
- Подготвува и издава потребна документација за извршените услуги на клиентот;
- Применува вештини за работа во тим, комуникација и проактивен пристап при обезбедувањето на услугата и решавањето на проблеми
- Се грижи за квалитет и квантитет на извршената работа
- Применува мерки за заштита на здравјето на клиентите и околината, во согласност со хигиенско-технички, противпожарни и други заштитни мерки.

Клучни компетенции	**Комуникација на мајчин јазик.** Способен е да објаснува постапки за изведување на градежни позиции, решенија за поефикасна изведба, како и карактеристики на материјали за изведба на градежни позиции. Може да се изразува усна и во писмена форма, да користи електронска комуникација и да остварува јазична интеракција со вработени, надворешни соработници и со странки/клиенти. Способен е да користи различни видови на документација, технички помагала при комуникација, да пребарува, собира и обработува информации и да користи професионален речник. **Комуникација на странски јазик**. Способен е да разбира информации и факти во усна и во писмена форма. Да користи странски јазик во специфичен општествен и културен контекст поврзан со работата, способен е да го користи странскиот јазик и да го надградува своето знаење и вештина во сферата на стручната терминологија.

	Математички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата. Во решавањето на задачи и пресметки, утврдување на цена врз основа на дадените понуди и утврдување на потребен материјал и опрема според предмер и пресметка. Користи и работи со техничко-технолошки алатки. **Дигитални компетенции**. Способен е да користи компјутерска техника, Microsoft Office (Word, Excel), Auto CAD. **Учење како се учи**. Способен е да стекне, обработи и усвои ново знаење и вештини заради личен напредок и унапредување на работата. Способен е да управува со сопственото учење, кариерата и работните рутини и е истраен кон автономното учење. **Социјални/општествени и граѓански компетенции.** Во секојдневното опкружување, способен е да покажува толерантност, да изразува и разбира различни гледишта, да создава доверба, да покажува флексибилност и адаптибилност за новонастанати ситуации и да е мотивиран за работа во сопствената област. Има позитивен однос кон професионалните етички норми и вредности. **Чувство за иницијатива и претприемништво**. Покажува иницијатива за подобрување на изведбата и нивно спроведување. Придонесува за правилен развој на динамиката на изведбата, со иницијатива за примена на иновациите од областа на високоградба. **Културолошка свест и културно изразување.** Го препознава и почитува креативниот израз на идеи и искуства, поврзувајќи ги со самоподобрувањето на членовите на тимот. Ги приближува сопствените креативни ставови со размислувањата на другите членови на тимот, со што ќе се подобри ефикасноста во нивното работење.

Посебни услови	Работното место може да биде:козметички салони, студија за убавина, ревии, театар, филм, телевизија Работи во просторија која ги исполнува условите дадени со стандард за вршење на лични услуги и надвор од неа. Работното место е поврзано со стоење, директен контакт со козметички препарати, средства за дезинфекција, контакт со клиенти, работа со апарати и бара соодветни услови: носење работна облека и чевли, носење ракавици, маска за уста и друга опрема за лична и колективна заштита, средства за дезинфекција и стерилизација и превентива, асептични услови за работа, противпожарен апарат, прва помош според стандарди и прописи.

Законска регулатива, прописи и индустриски стандарди	• Закон за работни односи • Закон за занаетчиство • Закон за јавно здравје • Закон за санитарна инспекција • Закон за пазарна инспекција • Прописи и принципи за добра хигиена • Закон за ДДВ • Закон за безбедност и здравје при работа • Закон за заштита на животна средина • Закон за заштита на лични податоци • Закон за заштита на потрошувачи • Закон за облигациони односи

Донесен од:	Министерство за труд и социјална политика

Датум на одобрување	Решение бр.08-7765/3 Од 30.11.2017 година	**Датум на ревизија**	